# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **04.08.2017 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 8 – 2017 год.** |

АВГУСТ 2017

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 јули 2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод**

**за II квартал за 2017 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за вториот квартал за 2017 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 541/3** **Совет на општина Македонски Брод**

**31.07.2017 година** **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 98-а став 1,алинеја 2 од Законот за заштита на децата-пречистен текст („Сл.весник на РМ“ бр.170/2010), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 јули 2017 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУДГ „7-ми СЕПТЕМВРИ“ - МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2016/2017 ГОДИНА

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои Годишниот извештај за работа на ОЈУ-детска градинка „7-ми Септември“ Македонски Брод за 2016/2017 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18- 541/4**

**31.07.2017 година**

**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 5 став 3,член 20-а став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14 и 199/14) член 21 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Мак.Брод“ бр.05/03), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 31.07.2017 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За донесување на измена и дополна на Годишен план за вработување за административни службеници и помошно технички лица за 2017 год.

### Член 1

Се донесува одлука за измена и дополна на годишен план за вработување во Општина Македонски Брод на административни службеници и помошно технички лица за 2017 година.

### Член 2

Вработување по основ на престанок на работно однос поради сопствено барање на работно место Хигиеничар во ТППЕ Македонски Брод,УПР0405А03004.

### Член 3

Оваа одлука заедно со табеларниот дел да се достави до МИО за добивање на согласност.

### Член 4

Одлуката влегува во сила со нејзино донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод

**Бр.18 - 541/ 5**

**31.07.2017 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за донесување на измена и дополна на Годишен план за вработување за административни службеници и помошно технички лица за 2017 год.**

Се прогласува **Одлука за донесување на измена и дополна на Годишен план за вработување за административни службеници и помошно технички лица за 2017 год.**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 4/17 пречистен текст), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/16), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**за обезбедување на нафта за потребите за гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод**

1.Се одобруваат финансиски средства во висина од 50.000,00 МКД за набавка на нафта за потребите и активностите за спречување и гаснење на пожарите на територијата на Општина Македонски Брод.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18 - 541/6**

**31.07.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на нафта за потребите за гаснење на пожари на територијана Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на нафта за потребите за гаснење на пожари на територијана Општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 4/17 пречистен текст), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/16), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**за обезбедување на храна и сместување за екипи кои се вклучени во гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод**

1.Се одобруваат финансиски средства во висина од 50.000,00 МКД за противпожарни екипи од други градови кои се вклучени во активностите за спречување и гаснење на пожарите на територијата на Општина Македонски Брод.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18 - 541/7**

**31.07.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на храна и сместување за екипи кои се вклучени во гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на храна и сместување за екипи кои се вклучени во гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.4/2017-пречистен текст) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За повторно отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука, повторно да се отуѓи градежно земјиште сопственост на Република Македонија,кое претставува КП бр.49/2 запишана во ИЛ бр.31 за КО Барбарос.

**Член 2**

Се задолжува Комисијата за спроведување на постапките за јавно надавање на општина Македонски Брод, повторно да спроведе постапка за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија со објавување на Објава за отуѓување согласно Законот за градежно земјиште и другите подзаконски прописи.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18- 541/8**
**31.07.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за повторно отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија**

Се прогласува **Одлука за повторно отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/16), по доставено барање 18- 518 /1 од 12.07.2017 г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков**

1.На Организациониот одбор за турнир во мал фудбал во Самоков по повод празникот илинден се одобруваат финансиски средства во висина од 30.000,00 денари како финансиска подршка за организирање на традиционален турнир а средствата да се исплатат на лицето Александар Огненоски со ж-ска 200003156199281 депонент Стопанска Банка Ад Скопје како што е наведено во барањето.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година, програма за спорт и рекреација LO, ставка трансфери до спортски клубови.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541/9**

**31.07.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 20 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 199/14 ,44/15,193/16 и 31/16) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 31.07.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година**

1.Со оваа Одлика се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година, бр.18-910/3 од 28.11.2016 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод и тоа во точка:

**Д.ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
По барање на правни и физички лица Советот на општината Македонски Брод утврдува потреба од донесување на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект: **Безиска пумпа на КП бр.538 за КО с.Суви дол**.

2.Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година, бр.18-910/3 од 28.11.2016 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод остануваат непроменети.

3.Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 541/10**
**31.07.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
. **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година**

Се прогласува **Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Броџ“ бр.14/16), по поднесено барање од ЦО храм Св.Преображение-Фојник село Брест бр.18-540 од 21.07.2017 година, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за храм Св.Преображение-Фојник село Брест**

1.Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука за одобрување на финансиски средства за храм Св.Преображение-Фојник село Брест за изградба на придружни објекти на храмот во износ до 15.000,00 денари

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година по дополнување на барањето согласно записникот од одржаната седница.

3.Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541 /11**

**31.07.2017 година**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за храм Св.Преображение-Фојник село Брест**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за храм Св.Преображение-Фојник село Брест**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), по одставено барање од с.Самоков 03-515 од 11.07.2017 г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**По доставено барање од м.з. Самоков**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година донесе заклучок одделението за урбанизам да ги утврди состојбите со предизвиканите штети од изведувачот на градежни работи за хидроцентралите с.Ковач и шумското стопанство ЈП Јане Сандански –М.Брод при што се настанати оштетувања на патот од Бушева чешма спрема село Ковач и да се задолжи изведувачот да ги санира штетите.

**Член 2**

Со заклучокот да се запознае изведувачот на работите заради понатамошно постапување.

**Член 3**

Овој Заклчуок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541/12**
**31.07.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 6 став 5 од Законот за нус производи од животинско потекло („Сл весник на РМ“ бр.113/07,144/14,149/15 и 53/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 31.07.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на локација за нештетно отстранување на угинати животни**

**на м.в.„Барбарос“ КО Барбарос - Македонски Брод**

Член 1

Се донесуа Одлука за определување на локација за нештетно отстранување (горење или закопување) на угинати животни на градската депонија на м.в„Барбарос“ КО Барбарос Македонски Брод со цел закопување на убиени животни согласно процедурите на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 18- 541/13
31.07.2017 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за определување на локација за нештетно отстранување на угинати животни на м.в.„Барбарос“ КО Барбарос Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за определување на локација за нештетно отстранување на угинати животни на м.в.„Барбарос“ КО Барбарос Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.10 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и чл.21 ст.1 и чл.79 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 4/17 пречистен текст), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**за оттуѓување на училишна зграда вон употреба во село Битово и Долно Ботушје општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година донесе одлука за /

- оттуѓување на училишна зграда која е надвор од употреба во Долно Ботушје кое се наоѓа на КП 954 зпз земјиште под зграда со површина од 93 м $^2$ и двор со површина 712м$^2$ заведено во ИЛ 423 за КО Ботушје.
- оттуѓување на училишна зграда која е надвор од употреба во село Битово кое се наоѓа на КП 283 зпз земјиште под зграда со површина од 101 м $^2$ и двор со површина 656м$^2$ заведено во ИЛ 23 за КО Битово.

**Член 2**

Продажната цена не смее да биде помала од пазарната вредност која ќе биде утврдена од страна на овластен проценител.

**Член 3**

Продажбата ќе се изврши по пат на електронска аукција по предходно објавен јавен оглас согласно закон.

**Член 4**

Средствата што ќе се добијат од продажбата на објектот - имотот треба да се инвестираат во стекнување на нов имот на општината или за реконструкција на постојниот имот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541/14**
**31.07.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за оттуѓување на училишна зграда вон употреба во село Битово и Долно Ботушје општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за оттуѓување на училишна зграда вон употреба во село Битово и Долно Ботушје општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/2002), член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03) и барањето од група на граѓани со ред бр. 18 – 522/2 од 13.07.2017 година, поднесено до Советот на Општина Македонски Брод, Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на 31. 07. 2017 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2017 ГОДИНА**

**1**. Во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2017 година, донесена од страна на Советот на Општина Македонски Брод со број 18 – 910/6 од 28.11.2016 година, во точка 2 која гласи Активности, потточка 3, која гласи „Изградба –модернизација и реконструкција на улици“ по реден број 19 се дополнува со активност бр.20, која гласи:

**- „Реконструкција на постојна улица во населено место Ореоец“**

**2**.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18 – 541/15
Датум 31.07.2017г.
Македонски Брод

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ДАРКО ТРАЈКОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Програма за измена и дополна на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Програма за измена и дополна на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/16), по доставено барање 18- 563 /2 од 31.07.2017 г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален ноќен турнир во Македонски Брод**

1.На Здружение општински сојуз за училишен спорт Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во висина од 100.000,00 денари како финансиска подршка за организирање на традиционален ноќен турнир во Македонски Брод

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година, програма за спорт и рекреација LO, ставка трансфери до спортски клубови, истите да бидат исплатени за време на траење на турнирот.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541/16**

**31.07.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален ноќен турнир во Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален ноќен турнир во Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/16), по доставено барање 18- 563 /1 од 31.07.2017 г, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на**

**ФК Академија Пандев Македонски Брод за учество во македонска**

**Младинска фудбалска лига**

1.На **ФК Академија Пандев** Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во висина од 100.000,00 денари како финансиска подршка за учество во македонска младинска фудбалска лига - за генерации родени 2003,2004 и помали .

2.Финасиски средства потребни за учество во македонска младинска фудбалската лига да се одобруваат парцијално со достава на нови барања од страна на фудбалскиот клуб.

3.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година, програма за спорт и рекреација LO, ставка трансфери до спортски клубови.

4.Оваа Одлук влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541/17**

**31.07.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Академија Пандев Македонски Брод за учество во македонска младинска фудбалска лига**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Академија Пандев Македонски Брод за учество во македонска младинска фудбалска лига**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 и  точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член бр 21 од став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03), по доставено барање од група граѓани Мак.Брод бр.18-560/1 и 18-561/1 од 28.07.2017г, Советот на Општина Македонски Брод на седница одржана на 31.07.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска

### Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за отстранување на високи стебла (евли и врби) кои се наоѓаат од двете страни покрај коритото на река Треска, нивно кастрење и средување бидејќи претставуваат сериозна опасност од оштетувања за дуќаните кои се лоцирани покрај кејот на река Треска.

### Член 2

Согласно чл.1, сопствениците на дуќаните имаат согласност за отстранување на дрвата со нивна помош без надокнада.

.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18 – 541/18**
**31.07.2017  год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска**

Се прогласува **Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/16), по доставено барање 18-457/10 од Максимоска Даниела Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 31.07.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод**

**како финансиска помош по барање од лице со социјален ризик**

1.На лицето Даниела Максимоска од Македонски Брод се одобруваат финансиски средства во висина од 10.000,00 МКД како финансиска помош поради настаната смрт на двајцата родители во близок временски период а метријално финансиски не обезбедена по ниту еден основ.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541/19**

**31.07.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош по барање од лице со социјален ризик**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош по барање од лице со социјален ризик**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година.

**Бр.08- 541 /21**
**04.08.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, бр.4/17 пречистен текст), по доставено барање од Зоран Стојаноски ул.Даме Груев бр.3/4-4 Скопје, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.07.2017 година донесе заклучок со кој барањето за помош за надомест на штета од елементарна непогода удар од гром при што се запалени три плевни и пчелни семејства во село Томино село го препраќа на надлежност на Дирекција за заштита и спасување на РМ бидејќи согласно Буџетот на Општина Македонски Брод за 2017 година нема финансиски средства за исплата и помош по ова барање.

**Член 2**

Со заклучокот да се запознае Дирекција за заштита и спасување на РМ и подносителот на барањето.

**Член 3**

Овој Заклчуок влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 541/20**
**31.07.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 8 од 04.08.2017 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А


Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за втор квартал за 2017 година ........................................................................................…............................. стр. 2

Заклучок за усвојување на извештај за работа на ОЈУДГ „7-ми Септември“ Македонски Брод за 2016/2017 година ...........................................................................................................… стр. 3

Одлука за донесување на измена и дополна на Годишен план за вработување за административни службеници и помошно технички лица за 2017 година ................................... стр. 4

Заклучок за прогласување на Одлука за донесување на измена и дополна на Годишен план за вработување за административни службеници и помошно технички лица за 2017 година ........... стр. 5

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на нафта за потребите за гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод .......... стр. 6

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на нафта за потребите за гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод ................................................................................................ стр. 7

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на храна и сместување за екипи кои се вклучени во гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод ..............................................................................................…...... стр. 8

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за обезбедување на храна и сместување за екипи кои се вклучени во гаснење на пожари на територија на Општина Македонски Брод ..................................................................... стр. 9

Одлука за повторно отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија .........................................................................................................…................................. стр. 10

Заклучок за прогласување на Одлука за повторно отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија ...................................................................................... стр. 11

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков ..................................................................... стр. 12

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален турнир во мал фудбал во Самоков .......... стр. 13

Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година ............................................................................. стр. 14

Заклучок за прогласување на Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година ................................ стр. 15

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за храм Св.Преображение-Фојник село Брест ....................................................................... стр. 16

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за храм Св.Преображение-Фојник село Брест ......... стр. 17

Заклучок по доставено барање од м.з. Самоков ................................................................. стр. 18

Одлука за определување на локација за нештетно отстранување на угинати животни на м.в.„Барбарос“ КО Барбарос - Македонски Брод ........................................................................ стр. 19

Заклучок за прогласување на Одлука за определување на локација за нештетно отстранување на угинати животни на м.в.„Барбарос“ КО Барбарос - Македонски Брод ..................................... стр. 20

Одлука за оттуѓување на училишна зграда вон употреба во село Битово и Долно Ботушје општина Македонски Брод .......................................................................................................... стр. 21

Заклучок за прогласување на Одлука за оттуѓување на училишна зграда вон употреба во село Битово и Долно Ботушје општина Македонски Брод .................................................................... стр. 22

Програма за измена и дополна на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод ........................................... стр. 23

Заклучок за прогласување на Програма за измена и дополна на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод ........................................................................................................................................................ стр. 24

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален ноќен турнир во Македонски Брод ................................................................. стр. 25

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод за организирање на традиционален ноќен турнир во Македонски Брод ......... стр. 26

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Академија Пандев Македонски Брод за учество во македонска Младинска фудбалска лига ......................... стр. 27

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод на ФК Академија Пандев Македонски Брод за учество во македонска Младинска фудбалска лига ........................................................................................................................ стр. 28

Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска ......................... стр. 29

Заклучок за прогласување на Одлука за отстранување на дрва (евли и врби) покрај кеј на река Треска ........................................................................................................................................ стр. 30

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош по барање од лице со социјален ризик ...................................................................... стр. 31

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош по барање од лице со социјален ризик ...................... стр. 32

Заклучок по поднесено барање од Зоран Стојаноски за настаната штета ........................... стр. 33